Врз основа на член 21 став (8) од Законот за донации и за спонзорства во јавните дејности ("Службен весник на Република Македонија" бр. 47/06, 86/08, 51/11 и 28/14), министерот за правда донесе

# П Р А В И Л Н И К
# ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА БАРАЊЕТО ЗА ПОТВРДУВАЊЕ НА ЈАВЕН ИНТЕРЕС НА ДАДЕНА ОДНОСНО ПРИМЕНА ДОНАЦИЈА ИЛИ СПОНЗОРСТВО, ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА БАРАЊЕТО ЗА ПОТВРДУВАЊЕ НА ЈАВЕН ИНТЕРЕС НА ПРИМЕНА ДОНАЦИЈА И ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА БАРАЊЕТО ЗАРАДИ НЕДОНЕСУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕ ЗА ПОТВРДУВАЊЕ ОДНОСНО НЕ ПОТВРДУВАЊЕ НА ЈАВЕН ИНТЕРЕС

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на барањето за потврдување на јавен интерес на дадена односно примена донација или спонзорство, формата и содржината на барањето за потврдување на јавен интерес на примена донација и формата и содржината на барањето заради недонесување на решение за потврдување односно не потврдување на јавен интерес.

Член 2

Барањето за потврдување на јавен интерес на дадена донација или спонзорство се поднесува на образец "Барање за потврдување на јавен интерес на дадена односно примена донација или спонзорство " во формат А4 на бела хартија даден во Прилог 1 кој е составен дел на овој правилник.

Член 3

Барањето за потврдување на јавен интерес на примена донација се поднесува на образец "Барање за потврдување на јавен интерес на примена донација " во формат А4 на бела хартија даден во Прилог 2 кој е составен дел на овој правилник.

Член 4

Барањето заради недонесување на решение за потврдување односно не потврдување на јавен интерес се поднесува на образец "Барање заради недонесување на решение за потврдување односно не потврдување на јавен интерес" во формат А4 на бела хартија даден во Прилог 3 кој е составен дел на овој правилник.

Член 5

Со денот на влегување во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за формата и содржината на барањето за потврдување на јавен интерес на дадена донација или спонзорство и формата и содржината на барањето заради недонесување на решение за потврдување односно не потврдување на јавен интерес („Службен весник на Република Македонија" бр. 71/11).

Член 6

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Број 01-770/6
20.03.2014 година
С к о п ј е

МИНИСТЕР ЗА ПРАВДА,
Блерим Беџети

Прилог 1

ДО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ПРАВДА

СКОПЈЕ

# БАРАЊЕ

## за потврдување на јавен интерес на дадена односно примена донација или спонзорство

Од

______________________________________________________________ ,

(име и презиме односно назив на давателот на донација/спонзорство или назив на примателот на донацијата/спонзорството)

____________________, ул.

________________________________________.

(општина) ( адреса односно седиште)

Барам да се потврди јавен интерес на дадена односно примена донација или спонзорство на/од:

________________________________________________________________

_,

(назив на давателот или примателот на донацијата/спонзорството)

_____________________,

ул.___________________________________________.

(општина) (седиште)

Предмет на донацијата/ спонзорството согласно на членот 10 став (1)

од Законот за донации и за спонзорства во јавните дејности се ____________________________________________________, наменети за

________________________________________________________________

_.

(цел на донацијата/спонзорството)

Подносител на

барањето

_________________________ _____________________

(Место и датум на поднесување ) ( потпис и печат*)

*печат не ставаат трговските друштва согласно Законот за трговските друштва

Прилог 2

ДО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ПРАВДА
СКОПЈЕ

БАРАЊЕ
за потврдување на јавен интерес
на примена донација

Од

______________________________________________________________ ,
(назив на примателот на донацијата)

____________________, ул.

________________________________________
(општина) (седиште)

за примената донација во случаите од членот 4 став (2) од Законот за донации и за спонзорства во јавните дејности

Предмет на донацијата согласно на членот 10 став (1) од Законот за донации и за спонзорства во јавните дејности се

____________________________________________________ наменети за

________________________________________________________________.
(цел на донацијата/спонзорството)

Подносител на барањето

_________________________ _____________________
(Место и датум на поднесување ) ( потпис и печат*)

*печат не ставаат трговските друштва
согласно Законот за трговските друштва

Прилог 3

ДО ПИСАРНИЦАТА НА МИНИСТЕРОТ ЗА ПРАВДА
СКОПЈЕ

# БАРАЊЕ
## заради недонесување на решение за потврдување односно не потврдување на јавен интерес

Од ____________________________________________________________ ,
(име и презиме односно назив на подносителот на барањето)

______________________, ул.
_____________________________________________.
(општина) ( адреса односно седиште)

Молам согласно рокот утврден во членот 21 став (10) од Законот за донации и за спонзорства во јавните дејности, да постапите по барањето за потврдување на јавен интерес на дадена односно примена донација или спонзорство поднесено под бр. ____________________ на ден ______________________ , чија копија ја доставувам во прилог.

Подносител на барањето

____________________________ ________________________
(Место и датум на поднесување ) ( потпис и печат*)

*печат не ставаат трговските друштва
согласно Законот за трговските друштва